ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0101-190/1
04-04 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 25 став (7) алинеа 47) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ), Правилникот за вршење периодична контрола бр. 01-343/2 од 20.12.2013 година на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија има дадено согласност со Одлука од 23.06.2014 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола, бр. 0202-382/5 од 23.12.2015 година на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија има дадено согласност со Одлука од 25.012016, Одлука за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола бр.0202-607/5 од 19.12.2023 година на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија има дадено согласност со Одлука од 29.01.2024 година, Одлука за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола бр. 0202-648/5 од 13.12.2024 година на која Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија има дадено согласност со Одлука од 25.12.2024 година, Одлука за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола бр. 0202-189/2 од 04.04.2025 година, Управниот одбор на ИОРРСМ на седницата одржана на 04.04.2025 година, донесе, го усвои следниот

# П Р А В И Л Н И К

## за начинот и постапката на вршење периодична контрола

**(пречистен текст)**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Правилникот за начинот и постапката на вршење периодична контрола (во натамошниот текст: Правилник) ги уредува постапките што ги спроведува Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори (во натамошниот текст: Комисијата) во врска со:

- начинот и постапката на вршење периодична контрола на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, што поседуваат лиценца за работа издадена од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата (во натамошниот текст: СУНРРСМ) во согласност со одредбите на Законот за ревизија и Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: ИОРРСМ).

## НАЧИН И ПОСТАПКА НА ВРШЕЊЕ ПЕРИОДИЧНА КОНТРОЛА

### Член 2

Периодична контрола на друштвата за ревизија и на овластените ревизори трговци - поединци се спроведува еднаш годишно.

За спроведување на периодичната контрола, друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци до Комисијата доставуваат:

- Листа на вработени лиценцирани овластени ревизори;

- Листа на вработени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во која е евидентно дека најмалку двајца овластени ревизори се вработени со неопределено полно работно време кај друштвата за ревизија или еден овластен ревизор е вработен со полно работно време кај овластените ревизори – трговци поединци. (не постара од шест месеци од денот на доставување).

- Тековна состојба од Централниот Регистар на Република Северна Македонија (не постара од шест месеци од денот на доставување);

- Полиса за осигурување од професионална одговорност;

- Копија од договорот за користење на името (кога друштвото за ревизија носи име на странска ревизорска куќа), односно изјава од одговорното лице доколку не постојат измени во договорот од последната периодична контрола.

- Потврда од Централен Регистар на РСМ дека друштвото за ревизија, односно овластениот ревизор – трговец поединец не е евидентирано во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност (не постара од шест месеци од денот на доставување);

- Потврда од Централниот Регистар на РСМ дека друштвото за ревизија, односно овластениот ревизор – трговец поединец не е евидентиран во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај Централниот Регистар на РСМ (не постара од шест месеци од денот на доставување);

- Потврда од Централен Регистар на РСМ дека мнозинството со право на глас во друштвото за ревизија е во сопственост на овластени ревизори (не постара од шест месеци од денот на доставување);

- Писмена изјава дека овластениот ревизор – трговец поединец не е вработен или на било кој друг начин поврзан со друг работодавец.

Документите наведени во претходниот став се доставуваат во периодот од 15 до 31 јануари во тековната година, во оригинал или копија заверена со печат и потпис од овластеното лице на друштвото/ трговецот поединец.

За извршената периодична контрола, Комисијата подготвува Извештај за периодичната контрола што го доставува до Управниот одбор на ИОРРСМ.

Доколку настанат промени согласно член 2 став 2 од овој Правилник, друштвото за ревизија, односно овластениот ревизор – трговец поединец, е должен да ја извести Комисијата за настанатата промена во рок од 5 дена. Известувањето за промената во листата на вработени што се бара во став 2 алинеја 2 од овој член, се доставува само во случај на промени кај вработени лиценцирани овластени ревизори. Веднаш по приемот на известувањето, ИОРРСМ е обврзан да го ажурира соодветниот регистар.

Доколку бројот на овластени ревизори се намали под бројот пропишан со Законот за ревизија, или во случај да настане неусогласеност на сопственичката структура, друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец треба да се усогласат во рок од три месеци од настанатата промена.

Во случај на неусогласеност на сопственичката структура поради смрт на содружникот /сопственикот, усогласувањето треба да се реализира со завршување на оставинската постапка.

Доколку Комисијата при спроведувањето на периодичната контрола утврди дека бројот на овластени ревизори се намали под бројот пропишан со Законот за ревизија или постои неусогласеност на сопственичката структура кај друштвото за ревизија или кај овластениот ревизор – трговец поединец, ИОРРСМ за тоа го известува Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

**РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА**

**Член 3**

Комисијата во состав: претседател и 4 члена, работи на состаноци што ги свикува претседателот на Комисијата, а одлучува со просто мнозинство на гласови од присутните.

Во отсуство на претседателот на Комисијата, состанокот на Комисијата го свикува Претседателот на ИОРРСМ, а го води член на Комисијата избран со мнозинство гласови од присутните членови на состанокот.

За своето работење Комисијата води записници потпишани од присутните на состанокот, што се чуваат во посебен регистар на ИОРРСМ.

**ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ**

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила и ќе се применува со денот на негово усвојување од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ.

По исклучок, рокот за доставување на документацијата наведен во член 2 став 3 од овој Правилник, за периодичната контрола што се спроведува во 2025 година за документацијата од 2024 година, ќе биде утврден веднаш по добивање на согласност на овој Правилник од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

**Претседател на ИОРРСМ**

**Ненад Тортевски**

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ИОРРСМ СКОПЈЕ